Врховниот суд на Република Северна Македонија, врз основа на член 37 став 1 алинеја 1 и 3 од Законот за судовите („Службен весник на РМ“ бр.58/06...198/18 и „Службен весник на РСМ“ бр.96/19), член 63 став 1 од Деловникот за работа на Врховниот суд на Република Северна Македонија, на Општата седница одржана на ден 23.02.2023 година, го утврди следниот:

## Н А Ч Е Л Е Н   С Т А В

**Во постапката по жалба изјавена од судија односно претседател на суд против одлуката на Судскиот совет на Република Северна Македонија донесена во повторна постапка по укинувањето на Решението согласно член 72 од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, Советот за одлучување по жалба при Врховниот суд на Република Северна Македонија може директно да го примени Амандманот XXI (член 15) и членот 50 од Уставот на Република Северна Македонија, како и членот 6 и членот 13 од Европската конвенција за заштита на човековите права.**

## О б р а з л о ж е н и е

## I. УСТАВ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

### Член 8

Темелни вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија се:
- основните слободи и права на човекот и граѓанинот признати со меѓународното право и утврдени со Уставот;
- слободното изразување на националната припадност;
- владеењето на правото;
- поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска;
- политичкиот плурализам и слободните непосредни и демократски избори;
- правната заштита на сопственоста;
- слободата на пазарот и претприемништвото;
- хуманизмот, социјалната правда и солидарноста;
- локалната самоуправа;
- уредувањето и хуманизацијата на просторот и заштитата и унапредувањето на животната средина и на природата и
- почитувањето на општо прифатените норми на меѓународното право.

Во Република Северна Македонија слободно е се што со Уставот и закон не е забрането.

А М А Н Д М А Н VI

1. Соодветна и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници во органите на државната власт и другите јавни институции на сите нивоа.

2. Со точката 1 на овој амандман се дополнува алинејата 2 на членот 8 од Уставот на Република Северна Македонија.

## АМАНДМАН XXI

1. Се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд.

Правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања се уредува со закон.

2. Со овој амандман се заменува членот 15 на Уставот на Република Северна Македонија.

## Гаранции на основните слободи и права

### Член 50

Секој граѓанин може да се повика на заштита на слободите и правата утврдени со Уставот пред судовите и пред Уставниот суд на Република Северна Македонија во постапка заснована врз начелата на приоритет и итност.

Се гарантира судска заштита на законитоста на поединечните акти на државната управа и на другите институции што вршат јавни овластувања.

Граѓанинот има право да биде запознат со човековите права и основни слободи и активно да придонесува, поединечно или заедно со други за нивно унапредување и заштита.

## АМАНДМАН XXV

1. Судската власт ја вршат судовите. Судовите се самостојни и независни. Судовите судат врз основа на Уставот и законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот. Забранети се вонредни судови. Видовите, надлежноста, основањето, укинувањето, организацијата и составот на судовите, како и постапката пред нив, се уредуваат со закон, што се донесува со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

2. Со точката 1 на овој амандман се заменува членот 98 од Уставот на Република Македонија.

### Член 118

Меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон.

## II. ЕВРОПСКА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

### Член 6 (1)

### Право на правична судска постапка

1. Секој има право правично и јавно, во разумен рок, пред независен и непристрасен со закон воспоставен суд да бидат разгледани и утврдени неговите граѓански права и обврски или основаноста на какви било кривични обвиненија против него. Пресудата се изрекува јавно, а новинарите и публиката можат да бидат исклучени за време на целата или на дел од постапката во интерес на моралот, јавниот ред или националната безбедност во едно демократско општество, кога тоа го наложуваат интересите на малолетник или заштитата на приватниот живот на страните во спорот, или кога тоа судот го смета за неопходно затоа што во посебни околности публицитетот би можел да им нанесе штета на интересите на правдата.

### Член 13

### Право на реална жалба

Секој човек, чии права и слободи признати со оваа Конвенција, се нарушени, има право на жалба пред националните власти, дури и тогаш кога повредата на овие права и слободи ја сториле лица при вршење на службена должност.

## III. ЗАКОН ЗА СУДОВИТЕ

### Член 2

(1) Судовите судат и своите одлуки ги засноваат врз основа на Уставот, законите и меѓународните договори ратификувани во согласност со Уставот.

(2) Судиите во примената на правото ги заштитуваат човековите слободи и права.

### Член 3

Целите и функциите на судската власт опфаќаат:

- непристрасно применување на правото независно од положбата и својството на странките,
- заштита, почитување и унапредување на човековите права и основни слободи,
- обезбедување еднаквост, рамноправност, недискриминација по кој било основ и
- обезбедување правна сигурност врз основа на владеење на правото.

### Член 5

(1) Судовите ги штитат слободите и правата на човекот и граѓанинот и правата на другите правни субјекти доколку тоа според Уставот не е во надлежност на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

(2) На граѓаните и другите правни субјекти им се гарантира судска заштита во однос на законитоста на поединечните акти на органите на државната управа или организации и други органи што вршат јавни овластувања.

**Член 6 (1)**

(1) Секој има право на еднаков пристап пред судот во заштитата на неговите права и правно заснованите интереси.

**Член 18**

(1) Судот поднесува иницијатива за поведување на постапка за оценување на согласноста на законот со Уставот кога во постапката ќе се постави прашање за негова согласност со Уставот, за што ги известува непосредно повисокиот суд и Врховниот суд на Република Северна Македонија.

(2) Кога судот смета дека законот што треба да се примени во конкретниот случај не е во согласност со Уставот, а уставните одредби не можат директно да се применат, ќе ја прекине постапката до донесувањето одлука на Уставниот суд на Република Северна Македонија.

(3) Против одлуката со која се запира постапката во случаите од ставот (2) на овој член, странката има право на жалба. Постапката по жалбата е итна.

(4) Кога судот смета дека примената на законот во конкретниот случај е во спротивност со одредбите на меѓународен договор ратификуван во согласност со Уставот ќе ги примени одредбите од меѓународниот договор, под услов тие да можат директно да се применат.

(5) Судот во конкретните случаи непосредно ги применува конечните и извршни одлуки на Европскиот суд за човекови права, на Меѓународниот казнен суд или на друг суд, чијашто надлежност ја признава Република Северна Македонија, ако одлуката е подобна за извршување.

## IV. ЗАКОН ЗА СУДСКИОТ СОВЕТ

**Право на жалба**

**Член 72**

(1) Право на жалба до Советот за одлучување по жалба при Врховниот суд на Република Северна Македонија  против одлуката на Советот, има само судијата, односно претседателот на судот за кого е поведена постапката за утврдување на одговорност, во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката.

(2) Советот за жалба е составен од девет члена, од кои тројца судии на Врховниот суд на Република Северна Македонија, по еден судија од апелационите судови и двајца судии од судот од кој е судијата против кој е водена постапката. Членовите се бираат јавно по систем на ждрепка на општа седница на Врховен суд на Република Северна Македонија, односно седница на сите судии на односниот суд, најдоцна во рок од 10 дена од денот на приемот на жалбата.

(3) Советот за жалба најдоцна во рок од 30 дена од неговото формирање одлучува по жалбата, ценејќи ја законитоста на постапката.

(4) Во случаите од ставот (3) на овој член, Советот за жалба може да го потврди или да го укине решението на Советот во случај на груба повреда на одредбите за постапката за одговорност на судија или претседател на суд.

(5) Доколку Советот за жалба го укине решението, Советот ќе ја повтори постапката, задолжително почитувајќи ги напатствијата од Советот за жалба и ќе донесе одлука и истата јавно ќе ја објави на својата веб страница.

(6) Против одлуката од ставот (5) не е дозволена жалба или тужба.

(7) Претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија и судија, односно претседател на суд, учесник во постапката пред Советот не можат да бидат членови на Советот за жалба од ставот (2) на овој член.

**Право на фер судење**

**Член 74**

Во текот на постапката пред Советот, судија или претседателот на судот против кој се води постапка има право на фер судење согласно со гаранциите утврдени во членот 6 од Европската конвенција за заштита на човековите слободи и права.

## V. МЕЃУНАРОДНИ ДОКУМЕНТИ, МИСЛЕЊА И СУДСКА ПРАКТИКА НА ЕВРОПСКИОТ СУД ЗА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Во Универзалната декларација за човековите права на Обединетите нации се утврдува дека секој има потполно еднакво право на праведно и јавно судење пред независен и непристрасен суд.

Во Основните начела за независноста на судството одобрени од Генералното собрание на Обединетите нации, се пропишува дека судијата има право на правично судење. Сите дисциплински постапки, постапките на суспензија или на разрешување мора да бидат уредени во согласност со утврдените стандарди на судско постапување.

Консултативниот совет на европски судии (*КСЕС/CCJE*) во Мислењето бр. 3, точка 72, во однос на дисциплинска одговорност, истакнува дека уредувањето на дисциплинските постапки во секоја држава треба да овозможи жалба од првичното дисциплинско тело (независно дали се работи за орган, трибунал или суд) до суд.

Секоја отпочната дисциплинска постапка треба да биде определена од страна на независен орган или трибунал кој ќе води постапка која гарантира целосно право на одбрана.

Големата повелба на судиите на Консултативниот совет на европски судии (*Magna carta of judges, CCJE (2010) 3*) во фундаменталните начела ги утврдува и гаранциите за независност, според кои во точката 6, се пропишува дека дисциплинските постапки ќе се одвиваат пред независно тело со можност за обраќање за лек до суд.

Одлуките во дисциплинските постапки треба да бидат подложени на независно преиспитување со можност да се прибегне кон судска заштита.

Целокупната постапка која што се води во однос на одговорноста на судијата мора да ги почитува стандардите на Европската конвенција за заштита на човековите права и во таа насока да ги обезбеди процесните гаранции во постапката. Оневозможувањето на правото на пристап до суд претставува повреда на членот 6 (1) од Конвенцијата (*Zhurek v. Poland, ECHR, 39650/18; Grzeda v. Poland, ECHR, 43572/18; Baka v. Hungary, ECHR 20261/12*).

Почитувањето на гаранциите од членот 6 на Европската конвенција е особено важно во дисциплинските постапки против судијата, со оглед дека во прашање е

довербата на јавноста во функционирањето и независноста на судството (*Harabin v. Slovakia, 58688/11, ECHR*).

Доколку дисциплинското тело не постапува во согласност со членот 6 од Конвенцијата, одлуките за дисциплинските постапки мора да бидат подложени на контрола од судско тело што има полна надлежност и коешто ги обезбедува гаранциите од членот 6. (*Le Compte, Van Leuven and De Meyere v. Belgium, 6878/75 и 7238/75, ECHR*).

Според Европскиот суд за човековите права, правото на фер судење, како што е загарантирано со членот 6 од Европската конвенција за заштита на човековите права, потребно е да се толкува во смисла на принципот на владеењето на правото, според кое странките мора да имаат ефикасен домашен правен лек како дел од нивните права (*Beles v. the Czech Republic, ECHR, 47273/99*).

Европскиот суд за човекови права истакнува дека за да бидат делотворни правните лекови треба да бидат „реални и ефективни, а не теоретски и илузорни“ (*„Kudła v. Poland, ECHR, 30210/96*). Една единствена одлука, без оглед на тоа што е образложена, сама по себе не е доволна да се докаже постоењето на воспоставена домашна судска пракса која ја докажува ефективноста на испитуваниот правен лек. (*Horvat v. Croatia, ECHR 51585/99*).

Исто така, Европскиот суд за човековите права укажува на потребата и важноста од гаранциите дека која било одлука за отповикување, односно разрешување на судијата ќе биде предмет на ефективна судска контрола (*Clarke v. United Kingdom, ECHR, 23695/02*).

Венецијанската комисија при Советот на Европа укажува Судските совети или Дисциплинските судови да ги извршуваат дисциплинските постапки. Комисијата истакнува дека треба да има можност за вложување жалба до суд против одлуката на дисциплинските тела (CDL-AD (2007) 028).

Комисијата укажува на непостоењето заштита кога Судскиот совет не постапува по напатствијата на Советот за одлучување по жалба при Врховниот суд при нивното повторно постапување.

Недостасува заштита во смисла на почитувањето на директната законска обврска за задолжителното постапување по напатствијата на Советот за одлучување по жалба при Врховниот суд, а субјектите, односно судиите, немаат можност за заштита на повторно право на жалба.

Венецијанската комисија, исто така, константно укажува на немањето на заштита во случај кога Судскиот совет не постапува по напатствијата на Советот за одлучување по жалба при нивното повторно постапување (CDL-AD(2018)022).

## V. ДИРЕКТНА ПРИМЕНА НА ОДРЕДБИ ОД УСТАВОТ И ЕВРОПСКАТА КОНВЕНЦИЈА ЗА ЗАШТИТА НА ЧОВЕКОВИТЕ ПРАВА

Поаѓајќи од уставните и законски одредби и конвенциското право, произлегува дека во смисла на членот 72 од Законот за Судскиот совет, судијата, односно претседателот на судот, во согласност со Европската конвенција за заштита на

човековите права,  потребно е да имаат право на судска заштита и право на ефективен правен лек до Советот за одлучување по жалба при Врховниот суд на Република Северна Македонија  во форма на одлучување по жалба во повторената постапка.

Со недозволеноста на правото на жалба или тужба против одлуката на Судскиот совет се оневозможува заштита на двостепеност на правото на жалба што директно влијае и на ефикасноста на овој правен лек и го ограничува правото на пристап до суд.

Двостепеноста во одлучувањето на судовите е гарантирана во Уставот и претставува една од гаранциите за обезбедување законитост во остварувањето на слободите и правата на граѓаните.

Во согласност со членот 118 од Уставот, меѓународните договори што се ратификувани во согласност со Уставот се дел од внатрешниот правен поредок и не можат да се менуваат со закон. Европската конвенција за заштита на човековите права е составен дел на внатрешното право.

Во член 18 став 4 од Законот за судовите се пропишува дека кога судот смета дека примената на законот во конкретниот случај е во спротивност со одредбите на меѓународен договор ратификуван во согласност со Уставот ќе ги примени одредбите од меѓународниот договор, под услов тие да можат директно да се применат. При одлучувањето Судот е должен да ги применува ставовите изразени во конечни пресуди на Европскиот суд за човекови права.

Врховниот суд на Република Северна Македонија во согласност со член 18, став 4 од Законот за судовите смета дека примената на членот 72, став 5 од Законот за Судскиот совет  е во спротивност со одредбите на Европската конвенција за заштита на човековите права.

Врховниот суд на Република Северна Македонија е должен да го овозможи остварувањето на загарантираното право на судска заштита и на ефикасен правен лек, во согласност со Уставот кој не го ограничува правото на судска заштита, односно гарантира дека секој има право да ги заштити своите права пред надлежните судови.

Директното применувањето на Европската конвенција за човекови права и стандардите во членот 6 од Конвенцијата е овозможување на субјектот на кое му е загрозено или ограничено правото директно и непосредно да го оствари своето право на делотворен правен лек преку пристап до суд и преку обезбедување на ефикасна судска заштита.

**ВРХОВЕН СУД НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТА СЕДНИЦА**